**20241993439**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9- а став 16 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014; 20/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016 и 171/2017; и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019; 77/2021; 285/2021; 60/2023; 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северена Македонија на седницата одржана на 16 септември 2024 година донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 179/2023 и 174/2024 година), во членот 2 се вршат следните измени:

Кај АТЦ кодот C09CA03 „Valsartan“ во колоната 7 со назив „Режим на пропишување“ пред ознаката „RS/RSS“ се додава ознаката „R - лекот го пропишува избран лекар во согласност со Упатството за практикување медицина заснована на докази за водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита, за следните шифри според МКБ 10 класификацијата: I10, I11.0, I11.9, I12.0, I12.9, I13.0, I13.1, I13.2, I13.9, I15.0, I15.1, I15.2, I15.8 и I15.9/“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-20742/14
20 септември 2024 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.